РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

09-4344/3
09-01-2024

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по сопствена иницијатива, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 97-та седница, одржано на 27.12.2023 година ја донесе следната

**Одлука**

Постапката по предметот бр. 09-4344/1 од 22.09.2023 година, оформен по сопствена иницијатива за проверка во Одделението за спречување судир на интереси и лобирање во врска со тоа, дали лицето ______________, член на Советот на општина ______, има поднесено Образец изјава за интереси, **СЕ ЗАПИРА.**

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето

**Образложение**

Предметот бр. 09-4344/1 од 22.09.2023 година е оформен по сопствена иницијатива против лицето ____________ член на Советот на општина __________ во врска со тоа, дали лицето има поднесено Образец изјава за интереси до ДКСК согласно член 82 став 1 од ЗСКСИ.

ДКСК направи проверка во Службен весник на РСМ, како и во Регистарот за именувани и избрани лица и се утврди дека лицето ______________ е избрано за извршување на функцијата член на Советот на општина ___________ и не изршува друга функција.

Исто така, ДКСК направи увид во евиденцијата на поднесени изјави за интереси во Одделението за спречување на судир на интереси и лобирање и евиденцијата на поднесени анкетни листови во Одделението за следење на имотна состојба и интереси, по што утврди дека наведеното лице има поднесено Образец изјава за интереси.

Имено, поднесениот Образец не е во предвидениот рок согласно член 82 став 1 од ЗСКСИ, но поради застареност на прекршокот согласно Законот за прекршоците не може да се спроведе постапка за порамнување согласно член 114 став 3 од ЗСКСИ, по што ДКСК нема елементи за преземање мерки за натамошно постапување по конкретниот предмет.

Имајќи го во предвид погоре наведеното, Државната комисија на седницата одржана на ден 27.12.2023 година одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Заменик претседател,**
**Софка Пејовска - Дојчиновска**

По заклучок на седница на ДКСК.
Изработил: Б.Ц, советник
Контролирал: К.З, раководител

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk